# ПЕЧАЛБАРИ

**(драма со музика и пеење од македонскиот живот во четири чина- седум слики)**

## Антон Панов







АНТОНИЈЕ Ђ. ПАНОВИЋ

ПЕЧАЛБАРИ

БАЛКАНСКА ДРАМА

Музика Јосипа Ш. Славенског

Дело је награђено наградом
СРПСКЕ КРАЉЕВСКЕ АКАДЕМИЈЕ
(Из задужбине Николе Ј. Мариновића)

СКОПЉЕ, 1939
Штампарија Василија Димитријевића. Телефон 183



**проф.Горан Станикевски-Горјански**

# ПРЕДАВАЊЕ

Притисни **Shift+F5**





# Антон Панов (1905/6-1968)




**АНТОН ПАНОВ** е роден во Стар Дојран. Основното училиште го започнал во Дојран, а го завршил во Струмица, каде неговото семејство се преселило во текот на Првата светска војна, бидејќи нивната куќа била целосно разрушена. Гимназија учел во Белград, но паралелно го посетувал Музичкото училиште, каде учел виолина и соло пеење. Кога го прекинал гимназиското школување тој работел како хорист во Белградската опера. Ноќе, по претставите се враќал пешки дома и се соочувал со животот на земјаците, печалбарски работници. Тој се заинтересирал за нивниот живот и така дошол до мотивот на „**Печалбари**“.





Во 1933 година тој ќе ја предаде драмата на Народниот театар во Белград, но тие не биле заинтересирани и ја одбиле иако тамошниот режисер сакал да ја прифати. Кога режисерот ќе премине на работа во Скопскиот театар, ќе ја побара драмата. Премиерата се одржала на 3.3.1936 година. По театарската сезона, Панов отишол во Петроварадин каде се оженил.



Петроварадин






Скопскиот театар

ВАЖНО

За време на Втората светска војна ќе работи во Софискиот театар како помошник- режисер и ќе се разочара зашто ќе сфати дека бил искористен за политички цели. Ќе се повлече во Дојран каде уште претходно направил воденица со идеја да прави мало стопанство.

По војната сметал дека треба да има водечки збор во тукушто оформениот МНТ (Македонски народен театар), а кога во тоа не успеал, решил демонстративно да ја напушти Македонија. Отишол во Петроварадин, каде живеел до смртта на жена си во 1957 година.

Се вратил во Скопје, каде по вторпат се оженил.








Петроварадин

ВАЖНО

1967 година ќе ја добие наградата 11 Октомври- за животно дело, а следната година умира во Струмица, каде е и погребан.

Панов пишувал **поезија**: „Стихови“, „Роденденот на Серјожа Јегоркин“, „Беда во колибата“; **раскази**: „Тинка“, „Чапа“, „Белуши“, „Орденот на Св. Сава од петти степен“ и **драми**: „Пиликатник“, „Печалбари“, „Стега“, „Преродени“, „Градинар“.

Сепак, најголем успех доживеал со драмата „**Печалбари**“.




ВАЖНО

# Антон Панов



# ПЕЧАЛБАРИ

**(драма со музика и пеење од македонскиот живот во**

**четири чина- седум слики)**






АНТОНИЈЕ Ђ. ПАНОВИЋ

ПЕЧАЛБАРИ

БАЛКАНСКА ДРАМА

Музика Јосипа Ш. Славенског

Дело је награђено наградом
СРПСКЕ КРАЉЕВСКЕ АКАДЕМИЈЕ
(Из задужбине Николе І. Мариновића)

СКОПЉЕ, 1939
Штампарија Василија Димитријевића. Телефон 183



# ЛИЦА ШТО УЧЕСТВУВААТ

**ЈОРДАН**, селски трговец
**РАЈНА**, негова жена
СТОЈЧЕ
**СИМКА**
→ **нивни деца**
**БОЖАНА**, бедна вдовица
**КОСТАДИН**, нејзин син
КОЛЕ, син Костадинов
СТРИКО КОЉО, стројник
ТЕМКОВИЦА
СЛАВЧЕ, нејзин син
АРАНЃЕЛ, сопственик на фурна
КАРАМАН АТАНАС
**ЗАФИР**
ЃОРШЕ
БОЖИН
ФИДАН
СТОЈАН
СТРИКО МАРКО
→ **печалбари**



— ДНЕВНА —

У недељу, 27 септембра 1936 г.

Подвала

Комедија у 5 чинова. Написао Милован Ђ. Глишић. Редитељ г. Петар Матић

ЛИЦА

| | |
|---|---|
| Вуле, адвокат | Милутин Цимић |
| Сретен, трговац | Бранко Татић |
| Смиља, његова жена | Ружица Радосављевић |
| Милка, њена пасторка | Јања Јевтић |
| Вуле Пупавац, сеоски луђанција | Јосиф Срдановић |
| Неша, прив. адвокат | Петар Матић |
| Стана, његова жена | Пава Саука |
| Драга, њена кћи | Надежда Замфировић |
| Живан Кесерић, сељак | Пера Јовановић |
| Ранко, његов брат, уч. | Сима Јањићијевић |
| Петко, помоћник | Бранко Ђорђевић |
| Видак, писар | Тодор Николић |
| Нера, удовица | Добрила Цимић |
| Драгић, механ момак | Димитрије Влајић |
| Пуја, пандур | Андо Циповић |

— ВЕЧЕРЊА —

У недељу, 27 септембра 1936 године

Печалбари

Драма с певањем из македонског живота у четири чина (7 слика). Написао Антоније Ђ. Пановић Музика од Стевана Мил. Шијачког Редитељ г. Јосиф Срдановић

ЛИЦА

| | |
|---|---|
| Јордан, маловарошки трговац | Пера Јовановић |
| Рајна, његова жена | Пава Саука |
| Симка } њихова деца | Мери Подхраска |
| Стојче } | Надежда Замфировић |
| Божана, удовица | Живка Срдановић |
| Костадин, њен син | Љубиша Стојчевић |
| Кољчо, његов син | Оливер Т. Николић |
| Стрико Кољо, наводаџија | Тодор Николић |
| Темковица | Ружица Радосављевић |
| Славче, њен син | Јања Јевтић |
| Ставре, млад момак | Милутин Јасић |
| Митра, девојка | Мила Микић |
| Ранђел, соп. пекаре у Београду | Јосиф Срдановић |
| Караман Атанас | Петар Матић |
| Зафир | Синиша Раваси |
| Стрико Марко | Милутин Цимић |
| Фидан } | Димитрије Влајић |
| Стојан } печалбари | Добрица Веселиновић |
| Ђоршо } | Бранко Ђорђевић |
| Божин } | Бранко Татић |

**Народ. Време на дејствието: од 1929-1932 година. Се случува во едно село во Западна Македонија. Само шестата слика станува на печалба.**

# ПЕЧАЛБАРИ

„**ПЕЧАЛБАРИ**“ е драма во **четири чина** и **драмско дејство** развиено во **пет етапи.**

Таа е **битово-социјална драма** со мотиви од печалбарскиот живот.

**Битово**- значи дека е опфатен начинот на живеење, обичаите на Македонците;

**Социјален**- судирот меѓу богатите и сиромашните и печалбарството- како нужност да се спечали.

**Темата** во драмата е љубовта меѓу двајца млади, поради која момчето е принудено да оди на печалба.

Во драмата се испреплетуваат **неколку мотиви**: **мотивот на парите, мотивот на љубовта, на традицијата и на печалбарството**.

**Парите** се сепак **движечкиот мотив**, тие се средство за живот, за богатење, за купување невеста, за уништување на семејството, за одење на печалба и смисол за живеење ( на Јордан му се и срце и душа).

**Идејата** е да го прикаже животот на Македонците во првата половина на XX век.

**Дејствието** се случува во едно село во Западна Македонија (освен една сцена во Белград) кон крајот на триесеттите години на XX век.

**ВАЖНО**

# СОДРЖИНА

**1 чин**

На почетокот од драмата е претставена богата македонска куќа, домот на девојката **Симка**. Преку разговорот на Симка со своето помало братче **Стојче**, авторот не` воведува во светот на драмата. Таа му дава да јаде и го распрашува што дознал. Тој кажува дека уште утрото се најавиле стројници од две страни: од Ѓурѓиновци за **Јован** (од богато семејство) и од Итромановци за **Костадин** (сиромашен, но Симка го сака). Братчето е наклонето кон побогатите бидејќи тие ќе му дадат повеќе подароци, на што Симка му одврaќа:

**Симка:** *Магаре ниедно! Уште од малечко со таткови очи гледа...*

ВАЖНО

# богата македонска куќа












# сиромашна македонска куќа







**Јордан** е нивниот татко, богат лихвар, кој гледа се` низ призмата на парите.

Во куќата доаѓа прво **Божана**, мајката на Костадин. Во разговорот со **Рајна**, мајката на Симка, дознаваме дека таа е вдовица и дека Костадин е нејзиното единствено дете за кое би направиле се`.

Се појавува Јордан, кој е многу љубезен со Божана. Таа веднаш му кажува за што е дојдена- да ја побара Симка за Костадин. Јордан се согласува, го пофалува Костадин како млад, здрав и работлив, но споменува дека тој не бил на печалба, па веројатно нема пари за да гледа семејство и да си ја откупи невестата. Тој ја кажува цената- триесет лири, облека, појас, сребрен саат итн.

Божана го пренесува ставот на Костадин, дека тој не сака да плаќа за невестата, сака да го одмине тој ред. Тој би ги направил сите адети, но да не ја купува невестата. Јордан не сака ни да слушне.

Веднаш по заминувањето на Божана доаѓа **Ѓорше**, сиромашен селанец, кој бара пари на заем од Јордан. Тој му дава, го запишува во лихварскиот тефтер и се договара по печалба да му врати со камата. Стојче, синчето, му помага на својот татко, му го носи тефтерот и всушност го учи занаетот.

На крајот од првиот чин доаѓа стрико **Кољо**, како стројник за Јован. По вообичаените поздрави и понудената ракија, Кољо го тера редот и кажува за Јован. Го фали- здрав, млад, работлив, кој е се` уште во Белград на печалба.

Јордан веднаш се сложува да ја даде Симка за него, повторно ја кажува својата цена, малку се ценкаат и на крај си подаваат рака. Ја повикуваат Симка, која заради редот ја прашуваат дали сака да се омажи за Јован. Таткото знае дека таа го сака Костадин, но за него тоа ништо не значи. Со солзи во очите, ќерката послушно прифаќа и стрико Кољо ја дарува.

Нејзините другарки ја започнуваат обредната песна за свршувачка со што се доловува фолклорниот амбиент.

ВАЖНО

## 2 чин

Во сиромашната куќа на Божана и Костадин, мајката и синот разговараат за Симка. Костадин не може да се помири дека нема да живее со неа и ги проколнува парите- кои се најважни во светот на Јордан. Костадин како носител на новото сфаќање ги искажува следните зборови:

**Костадин:** *Не, не сакам жена за пари! Јас милувам, Симка од чиста милост да ми дојде, не за пари! Сакам со неа век да векувам како со жена, не како со платен добиток. Ме разбираш ли? Јас сакам и таа да се праша! Зашто навистина ако таа се праша, право ќе си каже: Костадина го сакам! Сега дали е јасно? Сакам жена, не роб...*

Мајката го советува да оди на печалба, да заработи, за да може да ја оствари својата цел, но Костадин одбива. Не сака и тој како неговиот татко да ги остави коските на печалба. Го искажува својот став кон печалбарството- зло на сиромашните, кое од нив прави робови.

ВАЖНО

Доаѓа пријателот на Костадин, **Зафир**, кој му кажува дека ја свршиле Симка за Јован.

Костадин, изреволтиран, трга да ја грабне Симка. Симка, патријахално воспитана, не сака да бега, не сака да се посрамоти, му кажува дека сега е свршена, но сепак љубовта кон Костадин победува, и покрај се` таа решава да избега за него. Но, во тој момент се појавува Јордан кој го спречува грабнувањето и се пазари со Костадин. Јордан му позајмува пари, а Костадин прифаќа поради молбите на Симка.

ВАЖНО

## 3 чин

Претставена е семејната хармонија во домот на Костадин, љубовта меѓу младоженците и среќата заради бебето што го очекуваат.

Доаѓа Божана која најавува дека Јордан сака да ги посети. Тоа предизвикува вознемиреност кај Костадин. Неговото доаѓање и однесување кулминира во ужасна расправија. Тој си ги сака парите по секоја цена. Не му е важна среќата на ќерката, ниту се сожалува на молбите од Костадин да почека уште малку за да го види барем бебето кога ќе се роди. Расправијата го достигнува својот врв на крајот од оваа слика:

**Костадин:** *Ти немаш срце, Јордане!*

**Јордан** *(потсмешливо): Море, парите ти се и срце и душа! Без нив ништо не можеш!... Секој чесен печалбар си ја стега торбата...*

**Костадин:** *Молчи, не зборувај!...Тие се толку чесни, та дури и не знаат дека за тебе работат, долг да ти отплатуваат. Молчи, Јордане! Засрами се!*

**Јордан:** *Зошто да молчам, пред кого да молчам, бре? Пари, пари ми требаат!...*

**Јордан:** *Трај! Во домот си ми!*

**Костадин:** *Не траам! Јас, или ти имаш за давање?...(скокнува) Море пари, пари ми требаат!...*

**Костадин***(го зграпчува за гуша): А, куче чорбаџиско! Си дошол огништето да ми го растуриш!...*

**Јордан:** *(и тој го фаќа Костадина за гуша): Пари, пари, бре!...*

**ВАЖНО**

Костадин, немоќен, заради Симка и бебето, решава да оди на печалба.

Втората слика од овој чин го претставува обичајот на заминувањето на печалба, како и разделбата на Симка и Костадин. Надвор од селото, во природа, покрај прошталната чешма се собира групата печалбари и нивните блиски кои ги испраќаат. Пеат песни и пијат. Групата се зголемува, а водачот, стрико Марко ги собира на едно место, да јадат и да тргнат. На крајот ги испраќаат солзите на жените и девојките.

Костадин се поздравува со жена си, која ја наведнала главата, не може ни да зборува од насобрани солзи и тага, и и` ги кажува последните зборови:

**Костадин:** *Ех, Симке, Симке!...*

ВАЖНО

# 4 чин

Првата слика е слика на печалбарскиот живот и се случува во една фурна во Белград. Поминале пет години, а Костадин лежи, облеан во пот и болен од туберколоза. Неговите другари се грижат за него колку што можат, но лекови не можат да купат, бидејќи за нив треба пари. Суровиот газда **Арангел** сака да го избрка од фурната, велејќи му дека тоа не е болница. Тој воопшто не чувствува вина за неговата болест која ја добил од неподносливите услови за работа. И тој како Јордан мисли само на парите и загубата што ја трпи чувајќи болен човек кој не може да работи.

Последните зборови на Костадин се носталгични, со желба за последен пат да ја види Симка, но и малку и` префрла велејќи:

ВАЖНО

**Костадин**(*силно возбуден*)*: Ах, Симке!... Не се согласи на бегање!...Не, не си ти крива...Требаше на сила!...(се закашлува.Другарите се загрижуваат за него)*

**Зафир***:(му помага на Костадина)*

**Костадин:** *Што ми прави таа, мајка ми?*

**Зафир:** *Мисли на тебе.*

**Костадин:** *И плаче...Плаче Зафире...Плаче тивко, со наведена глава...Плаче и солзи рони...*

**Зафир:** *И ти плачеш...*

**Костадин:** *Дали ќе ја видам? Дали таа ќе ме види?... ( се закашлува силно.Другарите се стрчуваат кон него).*

**ВАЖНО**

Последната слика е враќањето на печалбарите дома, со песна и радост. Коле, синчето на Костадин со нетрпение го очекува татка си кој никогаш не го видел.

Но, пред куќата на Костадин пеењето престанува. Тоа значи само едно- дека печалбарот умрел. Коле не сфаќа што се случило и кога Зафир, другарот на Костадин, влегува во куќата да ги даде спечалените пари, детето се стрчува кон него, го прегрнува за колената, мислејќи дека тоа е неговиот татко.

**ВАЖНО**

**Коле**:*(трча кон Зафира радосно)Еве го татко, мамо!...(му ги опфаќа колената на Зафира.Молчење).*

**Божана**: *(како не со свој глас) Каде ми е син ми Костадин?... Зафир:(Молчи. Потем го вади од торбата појасот Костадинов и ќесето со пари; ги предава).*

**Симка**:(*Го прима ќесето и појасот) Ела, Коле... (го прегрнува Колета). Татко ти не ќе си дојде...Никогаш не ќе си дојде...Ти пратил пари да го викнеш дедо ти Јордан на задуша...*

**Божана**: *(со шепот кон Зафира). Умре?*

**Зафир**: *Умре...*

ВАЖНО

# ЕТАПИ ВО ДРАМАТА

1. **експозиција**- запознавање со ликовите и Јордан како носител на семејната трагедија;
2. **заплет**- Костадин, како носител на новите сфаќања- против купување на невестата и против печалбарството;
3. **кулминација**- доаѓањето на Јордан да си ги земе парите;
4. **перипетија**- печалбарскиот живот, болеста и смртта на Костадин;
5. **расплет**- враќање на печалбарите, предавањето на парите и судбината на печалбарската жена.

ВАЖНО



# ЛИКОВИ

**ЈОРДАН** е богат чорбаџија, лихвар, кој се` гледа низ призмата на парите. За него не претставува ништо среќата на ќерка му, важно му е само да платат за неа. Суров, бесчувствителен, бездушник, кој нема да дозволи ќерка му да оди бегалка, застапник на старите патријахални сфаќања.

**КОСТАДИН** е претставник на новите сфаќања. Тој пред се` не сака да ја купува невестата со пари, зашто смета дека таа не е стока, дека и нејзиниот глас треба да се слушне. Љубовта за него е поважна од традицијата и старите закоравени правила.Исто така, тој е против печалбарството, против оставањето на својата татковина, на домот и семејството. Смета дека и тука може да се заработи за живот и да не се жртвува животот за пари.

ВАЖНО

**СИМКА** е патријахално воспитана, покорна ќерка, која не смее да му се спротивстави на таткото. Ги потиснува своите желби за да ги оствари желбите на татка си. Иако е вљубена во Костадин таа не прави ниту еден храбар чекор за да ја оствари таа љубов. Не сака да побегне за него, бидејќи како бегалка ќе го посрамоти семејството, го тера Костадин да ја прифати нагодбата иако знае дека тоа ќе ја унесреќи и на крајот го тера да оди на печалба- сама жртвувајќи се да биде бела вдовица. Нејзината трагедија е уште поголема кога останува без маж, без човекот кој ќе се грижи за семејството.

Историјата се повторува, таа е иста како свекрва и` Божана.

**ВАЖНО**

## ДООБЈАСНУВАЊЕ

„**Печалбари**“ е драма во која ни се презентира љубовна приказна меѓу двајца млади (Констадин и Симка) кои се лудо вљубени , но припаѓаат на различни сталежи, тој е сиромашен – а таа богата.

<u>Оваа противречност му била потребна на авторот за да го развие драмското дејство</u>. **Љубовта** ќе биде главен двигател во драмското дејство, но и кочничар меѓу младите. На нивната голема љубов ќе влијаат непишаните правила според кои двајца млади од различни класи не си припаѓаат еден на друг. Панов тука го вметнал и **бунтот** како средство со кое ќе се искаже незадоволството.

Љубовта е таа што двајцата вљубени ќе ги води напред. Но за жал, нивната среќа нема да биде целосна бидејќи посегнувањето по **парите** и стремежот за исконската **печалба** трајно ќе уништи едно семејство.

# ДООБЈАСНУВАЊЕ

Во оваа драма **Панов** ги запазува драмските фази и класичното драмско дејство. При преминот од чин во чин, од појава во појава авторот не води низ дејство за да го доведе читателот до кулминација на случувањата каде зетот заминува на печалба.

**Јордан** во „**Печалбари**" е лик кој најмногу ги сака парите. Претставен е како чорбаџија кој е мек на зборови но тврдоглав на дела, сребројубец кој гледа низ призмата на парите. Секогаш бил загрижен за мислењето на другите луѓе, а тоа најмногу се гледа кога ја "продал" својата ќерка, сметајќи оти таков бил адетот. Но бидејќи Симка се заљубила во сиромашниот Констадин, се договориле да му ја даде ќерка си поставувајќи му услов да замине на печалба, туркајќи го во смрт.

Јордан стапува на сцена во оној момент кога младите очекуваат принова и кога за нив започнуваат новите обврски. Но, тој е бескорисен, не знае да ги покаже чуствата бидејќи за него пред се` се парите.

## ДООБЈАСНУВАЊЕ

**Јордан** донесува одлука која ќе ја плати прескапо, можеби не со својот, но се нечиј друг живот. Наспроти ликот на Јордан, стои Констадин, прикажен као млад човек кој има многу напредни сфаќања во споредба со времето во кое живеел. Како бунтовник, со своите постапки сакал да уништи дел од непишаните правила, како што била печалбарската традиција „ ***...Ех црна и крвава е нашата печалба, мајко! Уште покрвава е сиромаштијата што не гони тамо!*“** Сфаќајќи ги причините за тоа општествено зло, цврство стоел на ставот дека печалбата носи и несреќа и смрт.

**Божана**, мајка на Констадин, е жена која робува на патријахалните традиции. Таа е жена која останала млада вдовица. Но, сепак знаејќи дека печалбата е несреќа, го наговара синот и тој да биде печалбар. Таа знае како е да се живее без пари, да се одгледува дете без татко, но воедно стравува и срамува што ќе рече светот и како ќе излезе пред другите со крената глава. Велејќи му на Констадин дека мора поради Јордан да оди на печалба, Констадин враќа со зборовите: ***Дали чорбаџи Јордан ќе чуе таму во туѓина? Далеку, може дури преку море...На секого си туѓ...Нема со кого збор да промениш, солза да размениш! И не година, не две. Години, години да изврват, скотски да живееш, пари да збереш, додека да имаш лице дома да си дојдеш!... Ако паднам болен дали чорбаџи Јордан ќе праша за мене? Дали ќе има кој потта да ми ја избрише, кошула да ми размени, јорган да ми фрли?... Ех, црна и крвава е нашата печалба, мајко? Уште покрвава е сиромаштијата, што не гони тамо! Проклет да и е коренот!... И големо и малечко нишан носи од неа за цел век!... Гледај, што направи од нас таа пуста печалба! Маж – роб! Жена – роб! Син - роб! Ќерка – роб! А мајките, само за солзи се родени!...***

## ДООБЈАСНУВАЊЕ

Овие се најтажните зборови што ги проговорил некој печалбар во македонската драма. Во овој цитат Констадин ја насетува својата судбина. Можеби Панов намерно ова го направил се` со цел да го стави читателот на размислување, каков е животот на печалбарите и низ каков тежок период поминуваат на печалба за да заработат парче леб. Кога Констадин мислел дека ја остварил својата цел, кога со Симка живееле убав живот и чекале принова, иднината ја нарушува Јордан кој доаѓа по своите пари. Нивната средба не е нималку пријатна бидејќи меѓу нив двајца доаѓа до конфликт. И покрај тоа што Констадин го моли Јордана да го остави барем уште една година да се порадува со својот пород, да сети таткова радост, тој немилосрден велејќи дека не е негово да мисли на пелени, туку на пари.

Констадин заминува на печалба, но не по своја желба. (Надвор од селото. Во природата. Големо старо дрво. Планинска патека води на печалбарската чешма. Тоа е место на печалбарската разделба. Кога завесата се крева, десно веќе седнала мала група печалбари, прва пристигната на местото на разделбата; седат, пијат и замислено пеат).

# ДООБЈАСНУВАЊЕ

Во наредниот чин Констадин веќе се спрема за на печалба. Се збогува со Симка и со Божана. Прима од нив совети, но и ги прекорува и остава аманет детето што ќе се роди да го носи името на неговиот татко. Испратен е со песна впрочем како што тоа бидува со традицијата. За традиционалното испраќање на печалбарот покажува и моментот кога `рснува тапанот и зурлата, кога се прават и последните адети пред тргнувањето Тука е и размислувањето на **Караман Атанас** кој најубаво ја опишува тежината на печалбата. ***"...Разделба е разделба!...И камен на шијата полесно се носи од пустата печалба!"***

**Четвртиот чин** дава најдобра слика на печалба кога веќе Констадин е во Белград. Таму болен од туберкулоза небаре од црна чума. Со пот и мака ги спечалил парите, но платил со сопствениот живот. Печалбата за него била многу кобна, тој не успева да го издржи товарот на тешката работа, но желбата да го види Коле, неговиот син е поголема од се`. Тажи за својата мајка, за Симка. Свесен е дека ја доживува судбината на татка си, кого никогаш и не го видел. Судбината се повторува со него и тој повеќе никогаш нема да се врати дома. Овде смртата е нормална последица. Но дали вреди по секоја цена да се оди на печалба, да се жртвува сопствениот живот и животот на тие што чекаат дома, да се вратат печалбарите.

# ДООБЈАСНУВАЊЕ

Драмата  Печалбариии, како што тврди и самиот автор, е голема негација на појавата на комплексот печалба, негација на градскиот ситнотрговски дух, негација на една општа црта на ситничарење, што се протегала врз целиот Балкан. Печалбариии доаѓаат како осуда на се` негативно, што се јавува како израз на животните конвенционалности и опачини.

**Трагедијата на главниот лик Костадин произлегува од тие два елемента: од конвенционалноста на жената Симка и од изопаченоста на средината.** Костадина го нагризува изопаченоста и тој Ј подлегнува на печалбата - стихија, но во исто време имајќи ја на ум трагичната судбина на својот татко и насетувајќи на крајот иста судбина и за својот син. Сите заминуваат, многумина се враќаат, но некои и коските ги оставаат таму.

КРАЈ

# ДОПОЛНИТЕЛЕН МАТЕРИЈАЛ

(информативно)

Притисни **Shift+F5**



ДООБЈАСНУВАЊЕ

# АНТОН ПАНОВ

**Антон Панов** спаѓа меѓу оние ретки литературни дејци кои со едно од своите први дела успеваат да се искачат на најгорните скали на признанието и успехот ,но кои токму поради ова ја доживуваат нерадосната судбина на се што ќе напишат подоцна да остане во сенка токму на едно вакво нивно дело.Тоа на Антон Панов му се случи со драмата ,,**Печалбари**''.

Антон Панов пишувал поезија, раскази, започнал еден роман,а се афирмирал исклучително како драмски автор.

Меѓу драмата ,,Печалбари'' има напишано и други драмски дела;,,Вероника'', ,, Самарак'', ,,Пиликатаник'' и ,,Преподродени''.

# ДООБЈАСНУВАЊЕ

**Печалбари** е драма во **четири чина** .

Во домот на селскиот трговец Јордан доаѓа Божана како стројник на својот син Костадин да ја бара за снаа Симка.Јордан таткото на Симка ја пречекува љубезно, но и поставува услов:Костадин да плати како што тоа го тера редот и обичајот 30 златници.Бидејќи Костадин нема пари Јордан му дава пари на заем под лихва.Костадин е среќен во бракот со Симка, но по некое време Јордан си ги бара парите од својот зет и тој е приморан да оди на печалба.Тој е испратен со песни, свирки и ора како што и налагала традицијата.Симка го чека со години својот сопруг да се врати, но за жал тој се разболува од туберкулоза и таму умира не запознавајќи си го својот син. Печалбарите се враќаат во родните места. Симка синчето и мајката на Костадин го чекаат, но пристигнува жалната вест дека тој починал.

- „**За матуранти**“македонски јазик и литература (второ изменето и дополнето издание) од Билјана Богданоска;
- „**За матурски испит**“македонски јазик и литература од Ленче Панчевска;
- „**Светска книжевност“(скрипта)** од Јадранка Владова; „**Македонски јазик и литература**“ за III година за реформирано гимназиско образование. Просветно дело АД, Скопје. Од презентациите од содржините по Македонски јазик и литература за трета година на средното стручно образование. (Трајан Божинов).
- Проверени материјали, слики и видеа од интернет.



ВАЖНО

# ПРЕДАВАЊЕ

## од учебникот

(информативно)

Притисни **Shift+F5**



Важно



*Антон Панов*

# АНТОН ПАНОВ



**(1905/6-1968)**

Антон Панов е драмски писател, поет и раскажувач, кој својот најголем творечки успех ќе го оствари со битовата драма *Печалбари*. Улогата и значењето на оваа драма на сцената на Скопскиот народен театар, во периодот меѓу двете светски војни, е од непроценливо значење во афирмацијата на автономната македонска култура и литература.

Роден е во Стар Дојран, каде што ќе го започне и своето школување, но, по бомбардирањето во 1916 година се преселува во Струмица каде што го започнува и гимназиското образование. Во периодот од 1923 до 1936 година своето гимназиско образование го дооформува во Белград, каде што ја стекнува и својата музичка наобразба (по виолина и соло пеење). Во овој период и самиот работи како хорист во белградската опера, та ќе се заинтересира поблиску да го запознае животот на македонските печалбари што ги среќава по улиците на градот. Од овој период датира и неговото познанство и соработка со Кочо Рацин, како и со композиторот Јосип Славенски, кој ќе компонира музика за драмата *Печалбари*. Од овој период е и неговиот незавршен роман со тематика од белградскиот живот *Живи гробови*, како и расказите „Роденденот на Серјожа Јегоркин" (1925), „Тимка" и „Го јаделе болви" (1939). Неговите песни во проза од овој период ги одликува израз на лирската чувственост, а некои од нив ќе бидат и објавени на македонски во српската периодика. Врв на неговата творечка активност во овој период е успехот на драмата *Печалбари* во 1936 година, која ќе гостува во повеќе градови во Југославија, а ќе биде поставена и во повеќе театри од различни театарски групи (Сараево, Белград). За оваа драма Панов ја добива наградата на Српската кралска академија. Независно од големиот успех на неговата драма, Антон Панов во 1936 година се повлекува во родниот крај (Гевгелија, Дојран), каде ќе продолжи да се занимава и со пистелската дејност сè до избувнувањето на Втората светска војна. Подоцна работи како асистент-режисер во Софија и во Скопје, постојано навраќајќи му се и на писателскиот ангажман.

Други негови драмски дела се: *Стега* (1938), преработена по војната под насловот *Вероника Самрак*, *Пиликатник* (1948), *Преродени* (1949), *Градинар* (1958).

**Драмското дејство во *Печалбари*** се одвива во едно село во Западна Македонија, кон крајот на триесеттите години на 20 век, со исклучок на шестата слика, во која е прикажан печалбарскиот живот во Белград, што авторот имал можност одблизу да го запознае. Композицијата на драмското дејство е остварена во четири чина и седум слики во кои авторот со особена вештина и прецизност ги поставува клучните сцени на драмската напрегнатост, водејќи ја кон нејзината трагична разврска. Во основата на драмското дејство е побуната на Костадин против обичајот да се откупува невестата, а воедно и против обичајот да се заминува на печалба, коишто во драмата се јавуваат придружени во нивната причинско-последична поврзаност. Самосвесната и индивидуална побуна на Костадин се судира со обичаите на заедницата. Во оваа горда и осаменичка битка неговата побуна ќе остане сронета под механизмот на општественото припитомување на љубовта - во институцијата на бракот со родителски благослов. Првите два чина, во само три слики, го поставуваат и расплетуваат конфликтот на драмското дејство олицетворен во побуната на Костадин. Третиот и четвртиот чин го тематизираат печалбарството, како трагична разврска на неуспехот на Костадиновата побуна.

Светот на драмата во првиот чин е поставен со само неколку воведно разменети реплики помеѓу младата Симка и нејзиниот брат Стојче, кој ѝ соопштува дека дента дома ќе дојдат стројници „нишан да разменат“:

СИМКА: (*Нессокојна.*) Кој ќе дојде?

СТОЈЧЕ: Од две страни. Од Ѓурѓиновци за баче Јован и од Итромановци за баче Костадин.

СИМКА: Стојче, кажи, кој сакаш повеќе да ти биде Баче: Јован или Костадин?

СТОЈЧЕ: Баче Јован повеќе го сакам. Тој ќе ми дава бакшиш и ќе ми купи јагне. Баче Костадин ништо нема...

СИМКА: Магаре ниедно! Уште од малечок со татковите очи гледа... (*на Стојчета*). Да молкнеш! Да не те чујам веќе така да зборуваш!

Основните елементи на драмскиот свет и конфликт овде се веќе поставени: во соперништвото помеѓу чорбаџискиот син Јован и сиромашниот Костадин, срцето на Симка е поставено наспроти идеолошката позиција т.е., нејзиниот татко, за кого парите и благосостојбата се пресуден критериум во изборот на свршеник за неговата ќерка. Натамошното изложување на драмскиот конфликт само ја продлабочува, психолошки, социјално и идеолошки ја профилира спротивставеноста помеѓу соперниците во однос на Симка. Додека Јован останува да значи само богат чорбаџиски син, претставен преку стројништвото на стрико Кољо, Костадин, чии зборови и желби ги пренесува неговата мајка, Божана, е претставен во






индивидуалноста на неговиот настап. Појавата на ликот на Костадин најсилно ја огласува новоста на драмата на Панов во контекстот на македонската битова драма. Во врска со стројништвото на Божана во негово име произлегуваат и основните разлики во приказот на драмскиот конфликт во оваа пиеса, наспроти неговиот приказ во пиесата *Беѓалка* од Васил Иљоски. За разлика од лихварот Аџи Трајко, таткото на Ленче, во драмата *Беѓалка* на Иљоски, кој со потценување се однесува кон сиромаштијата на Евра и на нејзиниот син, Бошко, Јордан, исто трговец и лихвар, во драмата на Панов се однесува крајно човечки со сиромашната вдовица Божана дојдена да ја побара Симка за својот син. Неговата првична позиција е искажана во зборовите: „Повели, повели...Бидува, зошто да не бидува? Костадин е млад, здрав, работен. Ќе работи, ќе гледа куќа...". Многу внимателно Јордан го започнува и разговорот за евентуалната заштеда на Костадин:

> ЈОРДАН: А нешто сермичка настрана има ли? Не лути се, од прашањето нема лошо. Чедо давам, Божано! Треба да знам, што живот го чека. Од порано мислење, зашто после нема врнувачка?
>
> БОЖАНА: Ако де, ако...

Конфликтот во нивните позиции, (Јордановата и Костадиновата), настанува кога ќе стане збор за обичајниот откуп, што Јордан го бара за ќерка си. Преку зборовите на мајка си, Костадин се огласува против обичајот со откуп да ја добие Симка за жена. Оваа позиција на Костадин ќе се постави како непремостлива пречка помеѓу него и благословот на Јордан. Не сиромаштијата на Костадин, туку неговото инсистирање да се ожени со Симка на начин што го повредува обичајниот ред, ќе ги постави обајцата во крајно спротивставени позиции. Барањето на Костадин, Јордан го доживува како навреда на неговата чест, како и на честа на неговата ќерка, додека пак, Костадин, токму „пазарлакот" околу откупот на Симка го доживува како навреда на чистотата на љубовта и милоста:

> ЈОРДАН: А, а! Ич што не бидува работа! Мома без ред каде се давала? Симка ќерка ми е, не е копиле најдена, та без ред и адет да ја венчавам! Таа е од сој!
>
> БОЖАНА: Од сој, од сој... Костадин вели: „Сите момински адети и сите редови ги земам на себе, само милувам Симка без пари, без пазарлак да ми дојде. Од чиста милост..."
>
> ЈОРДАН: А, а тоа не бидува!

Барањето на Костадин, во својата револуционерност, се поима како повреда на востановениот ред на општественото битие. Обичаите го одржуваат редот и



— ДНЕВНА —

У недељу, 27 септембра 1936 г.

**Подвала**

Комедија у 5 чинова. Написао Милован Ђ. Глишић. Редитељ г. Петар Матић

ЛИЦА

| | |
|---|---|
| Вуле, адвокат | Милутин Цимић |
| Сретен, трговац | Бранко Татић |
| Смиља, његова жена | Ружица Радосављевић |
| Милка, њена пасторка | Јања Јевтић |
| Вуле Пупавац, сеоски дућанџија | Јосиф Срдановић |
| Неша, прив. адвокат | Петар Матић |
| Стана, његова жена | Пава Слука |
| Драга, њена кћи | Надежда Замфировић |
| Живан Кесерић, сељак | Пера Јовановић |
| Ранко, његов брат, уч. | Сима Јањићијевић |
| Петко, помоћник | Бранко Ђорђевић |
| Видак, писар | Тодор Николић |
| Нера, удовица | Добрила Цимић |
| Драгић, механ момак | Димитрије Влајић |
| Пуја, пандур | Аида Поповић |

— ВЕЧЕРЊА —

У недељу, 27 септембра 1936 године

**Печалбари**

Драма с певањем из македонског живота у четири чина (7 слика). Написао Антоније Ђ. Пановић Музика од Стевана Мил. Шијачког Редитељ г. Јосиф Срдановић

ЛИЦА

| | |
|---|---|
| Јордан, маловарошки трговац | Пера Јовановић |
| Рајна, његова жена | Пава Слука |
| Симка ) њихова деца | Мери Подхраска |
| Стојче ) | Надежда Замфировић |
| Божана, удовица | Живка Срдановић |
| Костадин, њен син | Љубиша Стојчевић |
| Кољчо, његов син | Оливер Т. Николић |
| Стрико Кољо, наводаџија | Тодор Николић |
| Темковица | Ружица Радосављевић |
| Славче, њен син | Јања Јевтић |
| Ставре, млад момак | Милутин Јасић |
| Митра, девојка | Мила Микић |
| Ранђел, соп. пекаре у Београду | Јосиф Срдановић |
| Караман Атанас | Петар Матић |
| Зафир | Синиша Раваси |
| Стрико Марко | Милутин Цимић |
| Фидан ) | Димитрије Влајић |
| Стојан ) печалбари | Добрица Веселиновић |
| Ђоршо ) | Бранко Ђорђевић |
| Божин ) | Бранко Татић |

поредокот во заедницата, а оној што не им се потчинува, всушност, застрашува со непредвидливоста на својата непокорност. Одржувањето на редот на Јордана секако му се чини како побезебдна варијанта за неговата ќерка. Почитувањето на редот е себелегитимација во однос на општествениот договор на заедницата. Исто толку колку што е тоа и неговото непочитување. Во следната ситуација, без и најмалку да размислува, ќерката ќе ја сврши за оној, кој е подготвен да се однесува според востановените и познати правила и вредности. Заплетот на драмата е поставен со свршувачката на Симка за чорбаџискиот син Јован, со која не се помирува во неа искрено вљубениот, но постојан во своите уверувања – Костадин.

Вториот чин на драмата е остварен во две слики. Во првата, Костадин во разговор со својата мајка, решително ги изложува своите аргументи против обичајот на откуп на невестата. На сите нејзини обиди да ја потврди важноста на обичајот во постојаната повторливост на неговата изведба, Костадин ѝ одговара решително спротивставувајќи ѝ се и посочувајќи ѝ го токму откупот како причина за нејзината мачна судбина на вдовица, чиј стопан, неговиот татко, никогаш не се вратил од печалба. Спротивставувајќи му се на овој обичај, Костадин сака да ја избегне и повторливоста на печалбарската судбина, што би морал да ја прифати доколку се задолжи за откуп на Симка. Напрегнатоста на драмското дејство на оваа слика произлегува и од восприемањето (од страна на читателот/гледачот) на неговото незнаење - дури расправа и аргументира - дека Симка е веќе свршена за друг. Кога оваа вест ќе му ја донесе пријателот Зафир, Костадин реагира мигновено и решително. Решен е да ја грабне Симка и уште истата вечер „на сила“ да го издејствува нивното венчавање. Издава кратки упатства како да се прелаже попот и се упатува кон домот на Симка.

Втората слика ја прикажува тајната средба на Костадин и Симка, откако за неа е веќе сè свршено. Таа наполно се чувствува обврзана со редот што го сторила („ризата“ што ја дала), покорувајќи ѝ се на волјата на сопствениот татко. Драмскиот конфликт што беше поставен во првиот чин, кога нивните родители говорат во нивно име, е изострен до крајни граници, сега, кога обајцата вљубени еден во друг, говорат во свое име, меѓутоа, од идеолошки сосема спротивставени позиции. Костантин ја пресретнува со повик за бунт и непокорност, а таа пред него го исправа бедемот на обврзаноста со честа и редот. Во мигот кога таа се крши пред застрашувачката визија на изборот на непослушноста, се појавува татко ѝ, и таа се фрла пред неговите нозе: „Црна закопај ме, татко, не давај ме за Јован... Костадин го сакам...“. Нејзината одважност е молбена и преколнувачка. На истиот начин таа му се обраќа и на Костадин пред кого Јордан повторно го поставува условот за откуп на Симка: „Согласи се, Костадине... Заради мене...“. Превтасан од брзата и

драматична измена на ситуациите, пред молбата со која Симка својата судбина ја става во негови раце, Костадин се согласува и отстапува од сето во чија исправност беше цврсто уверен.

Третиот чин, како и вториот, повторно е остварен во две слики. Првата ја прикажува празничната семејна ситуација во домот на Божана, Симка и Костадин, шест месеци по свадбата на младите, кои се дента особено возбудени од огласувањето на плодот во утробата на Симка. Нивната семејна среќа ќе ја наруши, меѓутоа, посетата на Јордан, кој ќе го опомене Костадин дека е време да тргне на печалба за да му го врати долгот.

Втората слика е масовна сцена на колективно испраќање на печалбарите со песни, зурли и тапани. Тажните песни на девојките со печалбарски мотиви се испреплетуваат со репликите на разделбата помеѓу Симка и Костадин, со аманетите, што луѓето збрани во неизвесноста на разделбата си ги разменуваат. Во колективниот чин на испраќањето е означена обичајноста на печалбата.

Четвртиот чин е приказ на печалбата во Белград, во фурната на Арангел, со неколку реплики типизиран во неговата суровост и бескрупулозна трговска расипаност. Изминати се веќе пет години од колективното заминување на Костадин со печалбарите, наближува времето за нивното враќање дома, меѓутоа, во својата болест и истоштеноста од кашлицата, Костадин, легнат на креветот во внатрешниот дел на фурната, во која останатите забрзано работат, ја претчувствува скората смрт. Стравува дека можеби никогаш повеќе не ќе успее да ги види Симка, мајка си и Коле, неговиот петгодишен син, што воопшто и не го познава. Соочен со мислата за крајот што му се наближува, поттикнат од зборовите на песната што ја потпевнува Зафир работејќи, се навраќа на трагичниот миг што му ја одреди судбината:

> КОСТАДИН: (Силно возбуден) Ах, Симке... Не се согласи на бегање!... Не си ти крива... Требаше на сила!...

Во оваа слика се прикажани условите на мачниот печалбарски живот. Меѓу останатите печалбари, со кои заедно замина Костадин, го среќаваме и Ѓорше, чија судбина на задолжен кај Јордан е прикажана во првиот чин.

Завршната слика на драмата ја прикажува Симка, крај синот, во нејзиниот тажен монолог на печалбарска жена, која живее во постојано исчекување и загледаност во далечината што го крие љубениот лик. Текот на нејзината замисленост над сопствената судбина го прекинува веста на Божана дека некој пресретнал голема група на печалбари, коишто се враќаат дома. На радоста во куќата ѝ нема крај.

Поткрепена е во ветувањето од последното писмо на Костадин: „Пред Митровден ќе дојдам!“. Кога веќе се слуша песната на печалбарите: „Сите момчиња дојдоа...“, за Симка, Божана и Коле, појавувањето на Костадин е веќе извесност. Преплавени од возбуда во последните мигови пред неговото појавување ја изразуваат сета празнина на изминатото време без него. Близу нивната куќа, меѓутоа, песната се прекинува, што Божана го толкува како знак дека некој умрел на туѓина. Кога Зафир, другарот на Костадин, ќе се појави на прагот, запрашан од Божана за сина си, тој немо им го подава ќесето со пари и појасот на Костадин. Симка, примајќи ги работите, ќе му го протолкува ова значење на малиот Коле: „Татко ти не ќе си дојде...Никогаш не ќе си дојде...Ти пратил пари да го викнеш дедо ти Јордан на задуша...“ Во нејзините последни зборови, низ сарказмот на прекорот во нив упатен до татка си, Симка конечно ќе се израмни со идеолошката позиција на Костадин, човекот што го љубеше.

**Приказот на фолклорните обичаи во драмата**, во нивната колективна изведба (по повод свршувачката на Симка за Јован, заминувањето на печалба, враќањето од неа), е сугестивен израз на општествениот фон и културниот контекст во рамките на кои се случува драмското дејство.

***Задачи за размислување:***

1. Изведувањето на обичајот ја има улогата на симболичко поставување и поттикнување на извршеноста на еден чин. Својата симболичка моќ обичајната изведба ја црпи во колективното учество во неа. Заедницата преку нејзината симболичка изведба ја прифаќа и потврдува новонастанатата ситуација како стварна и општествено легитимна. Наврати се уште еднаш на завршницата на првиот чин, кога другарките на Симка ги пеат песните што ја огласуваат нејзината свршувачка со Јован, па од таа перспектива обиди се да ја објасниш нејзината наспроти неговата позиција во вториот чин:

СИМКА: Риза сум дала, Костадине!...

КОСТАДИН: Ако си дала риза, срце уште не си дала!

2. Размисли дали во твојата средина постојат некои обичаи што се почитуваат? Обиди се да ја посочиш нивната смисла и улога, или напротив, принудата на нивната „форма“!

АЛГОРИТАМ ЦЕНТАР












